РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈАЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
„ПАВЕЛ ШАТЕВ“
Бр. 02-370/4
18.9.2023 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ“ бр. 129/2023) Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, на седницата одржана на ден 18.9.2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОЛАГАЊЕ ПРИЕМЕН ИСПИТ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

## I Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите и начинот на спроведување на постапката за полагање на приемниот испит за кандидатите за слушатели на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители (во понатамошниот текст Академијата).

**Член 2**

Цел на приемниот испит е селекција и прием на најквалитетните и најстручните кандидати за слушатели во Академијата во согласност со член 48 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст Законот) и член 49 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители (во понатамошниот текст Статутот).

**Член 3**

(1) Приемниот испит е составен од полагање на повеќе делови, од кои секој е елиминаторен.
(2) Приемниот испит го спроведува Приемна комисија која е независна и своето работење го заснова врз начелата на еднаквост, непристрасност, отчетност и објективност при оценувањето и транспарентност во објавување на резултатите.
(3) При своето работење, Приемната комисија води сметка за заштита на идентитетот на кандидатите за слушатели во текот на целата постапка на полагање на приемниот испит во согласност со член 35 став 4 од Законот и член 48 од Статутот.

## II Приемна комисија

**Член 4**
**Начин на работа на Приемната комисија**

(1) Сите фази од приемниот испит се полагаат пред Комисијата.
(2) Членовите на Приемната комисија се именуваат од страна на Управниот одбор на Академијата во согласност со одредбите од член 28 од Законот и член 35 и 36 од

Статутот.

(3) По именувањето на Комисијата, Управниот одбор на Академијата ја закажува конститутивната седница, на која членовите од Комисијата избираат претседател и заменик-претседател од своите редови.

(4) Работите од својата надлежност Комисијата ги врши доколку на седницата се присутни мнозинство од членовите.

(5) При полагањето на секој од деловите од приемниот испит, Комисијата работи во полн состав.

(6) Начинот на работа, оценувањето и одлучувањето на Комисијата се уредуваат во согласност со Закон, Статут, Деловник на Комисијата, посебни обрасци за оценување на писмениот и на усниот дел од испитот и овој Правилник.

(7) Седниците на Комисијата можат да се одржуваат и со примена на средствата за електронска комуникација што обезбедуваат двонасочна комуникација при одржување на седниците без физичко присуство на членовите на Комисијата и тоа преку видеоконференциска платформа.

(8) Комисијата ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(9) За вршење на административно-техничките работи, директорот на Академијата назначува секретар и негови помошници од редот на административните службеници во Академијата.

## III Спроведување приемен испит

### Член 5

Право на полагање на приемниот испит имаат сите заинтересирани кандидати за влез во почетната обука во Академијата, кои ги исполнуваат условите за прием предвидени во член 31 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители и во член 40 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“.

### Член 6

(1) Јавниот оглас за прием во почетната обука содржи:

- вкупен број слушатели што ќе бидат запишани во таа генерација на почетна обука, определен од Управниот одбор во согласност со член 30 став 3 од Законот и член 11 став 1 алинеја 1 од Статутот, а врз основа на одлуките на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, во согласност со член 30 став 2 од Законот;
- условите за прием во почетна обука во согласност со член 31 од Законот;
- потребни документи што се приложуваат во прилог на пријавата, заедно со напомена за поднесување потпишана изјава заверена на нотар за припадност кон националност, која се обврзува дека нема да ја менува сè додека трае постапката за прием на кандидати во почетна обука во согласност со член 38 став 3 од Статутот;
- рок и начин на пријавување на кандидатите;
- податоци за жиро-сметка и цел на дознака за уплата на надоместок на трошоци за полагање на приемниот испит и
- адресата на која се доставува пријавата со документите.

(2) Веднаш по објавување на огласот, претседателот на Комисијата закажува седница на Комисијата, а најдоцна во рок од 15 дена по истек на рокот за пријавување, Комисијата

ги разгледува пријавите со приложената документација.

(3) Заинтересираните кандидати можат да го преземат образецот на пријавата од веб-страницата на Академијата.

(4) Пријавата со потребните документи кандидатот ги поднесува лично или по препорачана пошта до лицето овластено за прием на пријавата во Академијата и притоа секој кандидат добива приемна шифра.

(5) Лицето овластено за прием на пријавите на јавниот оглас е должно да ги прими сите пријави со приложените документи и на кандидатот да му додели заверена приемна шифра со потпис, а на другиот примерок од приемната шифра, кандидатот се потпишува и истата се запечатува во плик.

(6) Во случаите на поднесување пријава по препорачана пошта, лицето овластено да ги прима пријавите одделува шифра за кандидатот, го контактира кандидатот за потребата од лично подигнување на приемната шифра и за постапката од став 5 од овој член.

### Член 7

(1) Пред почетокот на спроведувањето на приемниот испит, директорот на Академијата доставува известување до сите членови на телата на Академијата што се директно или индиректно вклучени во испитниот процес, предавачи што учествувале во подготовка на испитни прашања, како и надворешни институции што учествуваат во спроведување на кои било делови од испитот, со цел доколку има состојба на судир на интереси, тоа да го пријават.

(2) За преземените дејства, директорот доставува известување до Државната комисија за спречување корупција(во понатамошниот текст ДКСК).

(3) Доколку некое од лицата од став 1 на овој член дознае за околности што укажуваат на постоење судир на интереси или потенцијален судир на интереси, должно е веднаш да побара мислење од ДКСК за конкретниот случај и до добиеното мислење од ДКСК, работата во Комисијата ја врши неговиот заменик во Комисијата.

(4) Во случај на постоење судир на интереси од став 1, доколку не може да се најде начин за надминување на судирот, неговиот заменик станува член на Комисијата, а Академијата се обраќа до институцијата што го номинирала членот, да назначи нов заменик член на Комисијата.

## IV Разгледување на пријавите

### Член 8

(1) Комисијата на седница ги разгледува пријавите со приложената документација најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување.

(2) Комисијата при прегледување на пријавите проверува дали тие се навремени и уредни.

(3) Доколку Комисијата утврди дека пријавата на кандидат е ненавремена или неуредна, ја отфрла со решение.

(4) Комисијата е должна веднаш по одржување на седницата, на пријавените кандидати чиишто пријави се ненавремени или неуредни да им достави примерок од решението за отфрлање на пријавата согласно член 41 став 2 од Статутот.

(5) Подносителот на пријавата во рок од два работни дена од приемот на решението од став 3 има право на приговор до Управниот одбор на Академијата, кој одлуката по приговорот ја донесува во рок од два работни дена.

(6) Доколку Комисијата утврди дека пријавата на кандидатот треба да се дополни, на

кандидатот му определува рок, кој не може да биде подолг од 5 дена за да ја дополни пријавата.

(7) Доколку кандидатот не ја дополни пријавата во дадениот рок во согласност со ставот 5, таа ќе биде отфрлена со решение.

## V Подготвителна настава

### Член 9

(1) Според член 34 од Законот, Академијата организира подготвителна настава за сите пријавени лица за прием во почетната обука најмалку 30 дена пред денот на одржувањето на приемниотиспит.

(2) Целта на наставата е запознавање на кандидатите со начинот на полагање на сите фази од приемниот испит и со временската динамика за негово спроведување, со цел кандидатите успешно и навремено да се подготват за полагање на приемниот испит, со што се обезбедува начелото на јавност, еднаквост иобјективност.

(3) Подготвителната настава ја спроведуваат предавачите на Академијата и може да се спроведе и онлајн.

(4) Известувањето за начинот, датумот, местото и времето на одржување на подготвителната настава, се објавува на веб-страницата на Академијата.

## VI Начин на спроведување на приемниот испит

### Член 10

(1) Приемниот испит се состои од полагање:

- тест за познавање странски јазик (тест за степенот на познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски));
- психолошки тест;
- тест за интегритет;
- квалификациски тести
- практичен испит, кој е составен од два дела – писмен и устен.

(2) Тестирањето се одвива редоследно како што се наведени тестовите во став (1) на овој член и секој дел е елиминаторен.

(3) За секоја фаза од полагањето на приемниот испит, Академијата подготвува шифри различни од приемната, под која кандидатот го полага тестот со цел за обезбедување објективност и интегритет на тестирањето.

(4) Академијата е должна, при спроведување на приемниот испит, а особено при спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет, да се грижи за заштита на личните податоци, угледот и достоинството на кандидатите, односно да ги обработува и да ги чува личните податоци на кандидатите во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

(5) Членовите на Комисијата, секретарот и помошниците по добивање на извештајот со резултати од институцијата што го спроведува психолошкото тестирање, потпишуваат изјава за заштита на податоци на кандидатите во согласност со став 4 од овој член.

## VII Правична застапеност на кандидатите за прием во почетната обука

### Член 11

При селекцијата на кандидатите за прием во почетната обука во Академијата, без да се нарушат критериумите предвидени со Законот за Академијата, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните што им припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија во согласност со член 7 од Законот и член 38 од Статутот.

## VIII Програма за приемен испит

### Член 12

(1) Програмата за приемен испит, според која се полага примениот испит, се објавува најмалку три месеци пред полагањето на приемниот испит.

(2) Програмата за приемен испит ги опфаќа темите и библиографијата од кои се утврдуваат прашањата за одделните делови од приемниот испит и се состои од следниве делови:

- кривично право – материјално кривично право, процесно кривично право и прекршоци;
- граѓанско право – граѓанско материјално право (облигационо право, трудово право, семејно и наследно право, интелектуална сопственост, трговско право и граѓанска одговорност за клевета и навреда), вонпарнично право и граѓанско процесно право;
- меѓународно право и право на ЕКЧП;
- право на ЕУ;
- уставно право;
- управно право и
- областите за полагањетона тестот за познавање странски јазик (англиски, француски или германски).

(3) Програмата се обновува по потреба, во согласност со измените на домашното и на меѓународното законодавство и практиката на домашните и на меѓународните судови.

## Начин на полагање на деловите од приемниот испит

### Член 13

(1) За време на полагањето на сите испити во рамките на приемниот испит, кандидатите не смеат да користат какви било електронски средства за комуникација или пак, друг вид помагала, претходно подготвени предмети, правни документи, отпечатен материјал или кој било друг извор на информации, освен закони што се наоѓаат во компјутерот на кој кандидатите го полагаат писмениот испит.

(2) Во текот на полагањето, кандидатите не смеат да го нарушуваат редот на полагањето и на кој било друг начин не смеат да ги попречуваат другите кандидати во полагањето на тестот.

(3) За време на полагањето не е дозволено кандидатите да ја напуштат просторијата во која се одвива полагањето.

(4) Доколку кандидатот постапи спротивно на став 1, 2 и 3 на овој член, ќе биде отстранет од полагањето, неговиот тест ќе биде поништен и тој нема да биде предмет на разгледување и оценување, што записнички се констатира.

(5) Одредени делови од полагањето на приемниот испит се класифицирани со степен „интерно" и кандидатите потпишуваат изјава дека сознанијата добиени од класифицираните информации не треба да ги отстапуваат на трети лица како и дека прекршувањето на оваа

обврска се смета за повреда на прописите за чување на тајноста на податоците.

## IX Тест за познавање странски јазик

### Член 14

(1) Тестот за степенот на познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски) содржи 100 прашања, во согласност со областите од Програмата за полагање приемен испит - граматиката, разбирањето и вештината на изразување на странскиот јазик што кандидатот го избрал да го полага.

(2) Тестот за познавање странски јазик се полага по писмен пат, со боење на образец подготвен од Академијата.

(3) Секое прашање содржи три можни одговори од кои еден е точен.

(4) Точниот одговор носи 1 бод, а неточниот одговор или неодговорено прашање со 0 бодови.

(5) Тестот е положен доколку се освојат најмалку 55 бода.

(6) Резултатите од тестирањето се прегледуваат електронски со помош на читач и за нив кандидатите се известуваат јавно по електронски пат преку веб-страницата на Академијата со објавување на резултатите под приемната шифра и под шифрата под која го полагале тестот, запазувајќи го начелото на анонимност на тестовите.

(7) Против резултатите од тестот за познавање странски јазик, не е дозволен посебен приговор.

## X Психолошки тест и тест за интегритет

### Член 15

(1) Психолошкиот тест се спроведува врз основа на меѓународно признати психолошки тестови за вршење на функцијата судија или јавен обвинител од страна на независна и соодветно акредитирана професионална институција.

(2) Психолошкиот тест има за цел да ги процени социјалните способности на кандидатите за вршење на функцијата судија и јавен обвинител.

(3) Видот, поблиската содржина, бројот на зададените задачи, времетраењето на полагањето на секој од одделните тестови и оценувањето, ги определува овластената институција со свој интерен акт, во согласност со психолошката наука и практика.

(4) Психолошкиот тест се состои од:

- Тестови на когнитивни способности (вербални и невербални) со кои се мерат способностите на кандидатот за апстрактно резонирање и логичко расудување.
- Тест на личност со цел да се опишат определени лични карактеристики релевантни за успешно вршење на дејноста.

(5) Тестот за интегритет има за цел проверка на етичките и на моралните вредности на кандидатот, врз основа на етичките и на професионалните кодекси за вршење на функцијата судија или јавен обвинител и се состои од:

- Тест што се спроведува во писмена форма и анонимно, врз основа на стандардно утврдена листа на прашања поврзани со сферата на дејствување за вршење на дејноста.

(6) Психолошкиот тест и тестот за интегритет се полагаат по писмен пат, со боење на посебен образец изготвен од институцијата што го спроведува тестирањето, а кандидатите по

објавување на резултатите имаат право на увид во образецот.

(7) Роковите за полагање на психолошкиот тест и на тестот за интегритет, како и роковите за доставување на резултатите од нив, овластената институција ги определува во согласност со Комисијата, во согласност со динамиката за полагање на одделните делови на приемниот испит, а во рамките на законските рокови за организирање на приемниот испит.

**Член 16**

(1) Психолошкиот тест, овластената институција го оценува со оценка: „задоволува“ и „не задоволува“.

(2) Тестот за интегритет, овластената институција го оценува со оценка: „задоволува“ и „не задоволува“.

(3) Се смета дека пријавеното лице кое добило оценка „не задоволува“ на психолошкиот тест, не го положило психолошкиот тест и нема право да го полага тестот за интегритет.

(4) Се смета дека пријавеното лице кое добило оцена „не задоволува“ на тестот на интегритет, не го положило тестот за интегритет и нема право да го полага квалификацискиот тест.

(5) Оценките од психолошкиот тест и од тестот за интегритет, овластената институција ги доставува до Академијата во вид на извештај, под втората шифра.

(6) Откако овластената институција ќе ги достави резултатите под втората шифра, Комисијата ги спојува резултатите со приемната шифра.

**Член 17**

Против резултатите од психолошкиот тест и од тестот за интегритет не е дозволен посебен приговор.

**Член 18**

(1) Овластената институција има обврска да ги ажурира прашањата од психолошките тестови и од тестот за интегритетот.

(2) Сите податоци во врска со подготовка, спроведување и оценување на тестовите имаат карактер на класифицирани информации со степен „интерно“ и со нив Академијата и овластената институција постапуваат во согласност со Законот за класифицирани информации.

(3) Академијата ѝ дава административно-техничка помош на овластената институција при спроведувањето на психолошкиот тест и тестот за интегритет.

(4) За својата работа во врска со спроведувањето, оценувањето и заштитата на сите податоци, како и на тестовите што се сопственост на Академијата, овластената институција одговара пред Управниот одбор на Академијата.

(5) Меѓусебните права и обврски во врска со користењето и чувањето на отстапените тестови, сопственост на Академијата, на која ѝ е отстапена лиценцата за меѓународните тестови, се определуваат со меѓусебен договор, а во согласност со Законот.

## XI Квалификациски тест
## Начин на полагање

**Член 19**

(1) Квалификацискиот тест е анонимен и се полага по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање електронски тест на компјутер пред Комисијата

во полн состав.

(2) Полагањето на квалификацискиот тест се снима, а по завршувањето на полагањето, Академијата ја добива снимката.

(3) Квалификацискиот тест се спроведува на начин предвиден во член 40 и 43 од Законот.

## Содржина на тестот

### Член 20

(1) Квалификацискиот тест содржи сто прашања од кои:

- 20 од областа на кривичното право (прашања од областа на материјално кривично право, процесно кривично право и прекршоци);
- 30 од областа на граѓанското право (прашања од областа на граѓанска парнична постапка (во кои спаѓаат и областите алтернативно решавање спорови и извршување и обезбедување на побарувањата), вонпарнична постапка и граѓанско материјално право (трговско право, стварно право, облигационо право, трудово право, семејно и наследно право, интелектуална сопственост и граѓанска одговорност за клевета и навреда)).
- 15 од областа на меѓународното право и ЕКЧП;
- 15 од областа на правото на ЕУ;
- 10 од областа на уставното право и
- 10 од областа на управно топраво.

(2) Прашањата и понудените одговори ги подготвуваат предавачите на Академијата, определени од Управниот одбор на Академијата, при што за секоја област се изготвуваат најмалку десет пати повеќе прашања од предвидениот број прашања за квалификацискиот тест.

(3) Предавачите од став 3 на овој член подготвуваат по три одговори за секое прашање, од кои едниот е точен и носи 1 бод, два се неточни и носат 0 бодови.

(4) Подготвените прашања заедно со понудените одговори (клучот) имаат карактер на службена тајна со степен „интерно“ и со нив се постапува во согласност со Законот за класифицирани информации.

(6) Предавачите ги внесуваат подготвените прашања во електронскиот систем за полагање.

(7) Предавачите што ги изготвуваат прашањата и студиите на случај, потпишуваат изјава за тајност и се одговорни доколку ја повредат таа обврска.

(8) Верификација на прашањата и на студиите на случај врши Програмскиот совет на Академијата.

(9) Програмскиот совет врши ревизија и ажурирање на базите на прашања најмалку еднаш годишно, а по потреба и повеќепати во зависност од измените на домашното и на меѓународното законодавство.

(10) Прашањата содржани во тестовите за полагање на квалификацискиот тест и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на квалификацискиот тест во согласност со член 42 од Законот.

## Оценување и објавување резултати

### Член 21

(1) Квалификацискиот тест се оценува со оценка од 1 до 10, а оценката се добива на начин што бројот на освоени бодови се дели со 10.

(2) На тестот можат да се освојат најмногу 100 бода.

(3) Точниот одговор на секое прашање се бодува со 1 бод, неточниот одговор или неодговорено прашање со 0 бодови, при што секое одделно прашање од тестот може да се одговори со селектирање на само еден од трите понудени одговори.

(4) Се смета дека пријавеното лице кое добило 60 бода или помалку на квалификацискиот тест односно оценка „6“ или пониска оценка, не го положило квалификацискиот тест и нема право да го полага практичниот испит.

**Член 22**

(1) Резултатите од квалификацискиот тест му се достапни на кандидатот, на компјутерот на кој го полага испитот, веднаш по неговото завршување, а се објавуваат и на официјалната веб-страница и на огласната табла на Академијата по завршувањето на квалификацискиот тест под приемната шифра и шифрата под која го полагал тестот.

(2) Кандидатот што смета дека погрешно му е пресметан збирот на бодовите или има техничка грешка при објавување на резултатите, односно објавените резултати се разликуваат од оние што биле прикажани на компјутерот во моментот на завршување на полагањето на квалификацискиот тест, има право на посебен приговор до Комисијата во рок од еден работен ден од денот на објавувањето на резултатите на веб-страницата и на огласната табла на Академијата.

(3) Комисијата е должна да одлучи по приговорот во рок од три работни дена од денот на приемот на приговорот, а против одлуката на Комисијата кандидатот има право на жалба до Управниот одбор на Академијата во рок од три работни дена од денот на приемот на одлуката.

(4) На седницата на Управниот одбор на Академијата на која се разгледува жалбата на кандидатот од став 2 на овој член учествува и претседателот на Комисијата или член што ќе го определи тој, без право наглас.

(5) Управниот одбор на Академијата со одлука во рок од три работни дена, ја уважува или ја одбива жалбата на кандидатот, а ги отфрла ненавремените жалби.

(6) Врз основа на одлуките на Управниот одбор по жалбите, Комисијата ја објавува ранг-листата со конечните резултати на кандидатите што го полагале квалификацискиот тест.

## XII Практичен испит

**Член 23**

(1) Практичниот испит се полага во рок од десет дена од објавувањето на конечните резултати од квалификацискиот тест.

(2) Право да го полагаат практичниот испит имаат кандидатите што го положиле тестот за степенот на познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), психолошкиот тест, тестот за интегритет и квалификацискиот тест.

(3) Практичниот испит има за цел проверка на севкупните правни знаења и способности на кандидатите за прием и посетување на програмата за почетна обука, а се состои од:

- писмен дел и
- устен дел.

(4) На практичниот испит може да се освојат најмногу 100 бода.

(5) Практичниот испит се спроведува на начин предвиден во член 45 од Законот.

## Писмен дел
## Содржина

### Член 24

(1) Писмениот дел се состои од испитна задача за решавање две студии на случај (една од кривичен, а една од граѓански судски предмет - област).
(2) Студиите на случај се однесуваат на изработка на пресуди или решение врз база на зададени задачи.
(3) Студиите на случај за писмениот дел од испитот ги изработуваат предавачите на Академијата и истите се фиктивни, со јасна фактичка ситуација и податоци (број на предмет, докази, име на странки, судија, јавен обвинител, записничар, сведоци и сите други податоци врз чија основа може да се изработат пресудите или решенијата).
(4) Изборот на испитната задача се врши со ждрепка, пред полагањето на писмениот дел од испитот.
(5) Кандидатите во пресудите можат да ги внесат само податоците што им се дадени во став 3 и шифрата што ја извлекле за полагањето на писмениот дел од испитот.
(6) При решавањето на испитните задачи од писмениот испит, кандидатите можат да користат закони, кои се наоѓаат во компјутерот на кои полагаат.
(7) По завршување на полагањето на писмениот дел од практичниот испит, студијата на случај што ја изработил кандидатот, заедно со извлечената шифра и со образецот за оценување на членовите на Комисијата се запечатува.
(8) Шифрата на кандидатот од став 7 од овој закон се открива по внесувањето оцени од сите членови на Комисијата.
(9) За полагањето на писмениот дел од испитот, Академијата има база на испитни задачи, која се состои од најмалку 150 испитни задачи за решавање граѓански студии на случај и 150 испитни задачи за решавање кривични студии на случај.

## Оценување

### Член 25

(1) На писмениот дел од практичниот испит кандидатите можат да добијат најмногу 70 бода (35 бода од кривичниот судски предмет и 35 бода од граѓанскиот судски предмет).
(2) Секој член на Комисијата, задолжително, на посебен образец за оценување ги оценува изработените акти и дава образложение за оценката, во согласност со следните четири критериуми:
- изработка на одлуките на јасен и разбирлив начин (форма и содржина на одлуката);
- оцена на доказите и утврдување на релевантните факти;
- логична и правна издржаност на аргументите за определено решение;
- заклучување и правна оцена на доказите.
(3) Секој член од Комисијата за секој од четирите наведени критериуми може да даде оценка од 0 до 5 бода, односно максимум 20 бода, а конечниот број бодови од писмениот испит се добиваат на начин што се пресметува средната аритметичка оценка за секој критериум и на крајот се бара просекот од сите четири критериуми, заокружени на број до втора децимала.
(4) Откако сите членови ќе ги внесат бодовите, секретарот на Комисијата ги внесува на посебен образец за оценување, така што се пресметува средната аритметичка оценка за секој критериум и на крајот го внесува просекот од сите четири критериуми, заокружени

на број до втора децимала.

(5) Откако сите членови на Комисијата и секретарот на Комисијата ги внеле бодовите во образецот за оценување, извлечената шифра на кандидатот се отпечатува и се врши спојување на извлечената со приемната шифра.

### Устен дел

### Член 26

(1) Усниот дел од практичниот испит се спроведува во рок од најмногу седум работни дена по завршувањето на писмениот дел и истиот се снима.

(2) Во текот на усното полагање, кандидатите добиваат по две прашања од секоја студија на случај, и по пат на ждрепка влечат по едно прашање од судско-обвинителската етика и едно прашање од правна култура.

(3) Во усниот дел на практичниот испит, секој член на Комисијата може да му постави на кандидатот по едно потпрашање поврзано со добиените прашања на кандидатот.

(4) Во посебен образец за оценување подготвен од Академијата, секој член од Комисијата задолжително го оценува секое прашање од 0 до 5 бода, притоа оценувајќи ги следните критериуми:

- знаењата на кандидатот,
- способноста за изразување и
- елоквенција.

(5) Членот на Комисијата задолжително во образецот за оценување дава образложение на оценката на секое прашање.

(6) Конечните бодови од усниот дел од практичниот испит се пресметуваат на начин што се пресметува една аритметичка средина од вкупниот збир на добиени бодови од секој член на Комисијата поделена со бројот на членови на Комисијата, изразена во броеви до втора децимала.

### Резултатите од приемниот испит

### Член 27

(1) На квалификацискиот тест кандидатот може да добие најмногу 100 бода, кои се делат со 10 и се добива максимум 10 бода.

(2) На практичниот испитот (писмен и устен дел), кандидатот може да добие максимум 100 бода (70 од писмениот дел и 30 од усниот дел од испитот), кои се делат со 10 и се добива максимум 10 бода.

(3) На двата дела од испитот (квалификациски тест и практичен испит) може да се освојат максимални 200 бода, односно оценка 20.

(4) Врз основа на добиените резултати од двата дела на испитот се добива крајна оценка што претставува нивен аритметички збир, а која оценка се добива на начин што бројот на освоени бодови се дели со 10.

(5) Врз основа на добиените резултати, Комисијата изготвува прелиминарна ранг-листа и ја објавува најдоцна во рок од два работни дена по завршување на полагањето на испитот.

(6) За оценувањето на испитот и за утврдените резултати, Комисијата составува посебен записник што го потпишуваат членовите на Комисијата и секретарот. Записникот се смета за веродостоен доколку е потпишан од мнозинството од членовите што треба да го потпишат.

(7) Прелиминарната ранг-листа се објавува на огласната табла и на веб-страницата на Академијата.

## Член 28

(1) Кандидат што смета дека има техничка грешка во ранг-листата или погрешно му е пресметан збирот на бодовите од квалификацискиот тест и од практичниот испит, има право на приговор во согласност со член 47 од Законот.

(2) По правосилноста на одлуката од член 47 од Законот, Комисијата ја објавува ранг-листата со конечните резултати на кандидатите што го полагалеиспитот на веб-страницата на Академијата.

## XIII Прием на слушатели

## Член 29

(1) Приемот на кандидатите што ќе бидат слушатели на почетната обука во Академијата се врши врз основа на редоследот на успехот на ранг-листата до пополнување на предвидениот број на слушателите од квотата слушатели утврдени со одлуката од членот 30 став 3 од Законот.

(2) Пополнувањето на предвидениот број слушатели се врши доколку кандидатите освојат најмалку 70 % од вкупниот број поени на приемниот испит.

(3) Доколку некои кандидати имаат иста конечна оценка, предност има кандидатот што има подолг стаж на правни работи по положен правосуден испит, а доколку и тие се исти, предност има кандидатот што имал подобра просечна оценка на студиите.

(4) Доколку примениот кандидат се откаже од почетната обука, должен е за тоа да ја извести Академијата најдоцна 15 дена пред почетокот на теоретската настава.

(5) Во случајот од став 4 на овој член, Академијата го пополнува тоа слободно место со првиот нареден кандидат од конечната ранг-листа на слушатели на почетна обука.

(6) Начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните се остварува врз база на одлука на Управниот одбор на начин што бројот на слушатели од редот на граѓаните што припаѓаат на сите заедници на Република Северна Македонија се утврдува во однос на вкупниот број слушатели од сите апелациони подрачја.

## Член 30

(1) По завршувањето на приемниот испит, претседателот на Комисијата до Управниот одбор на Академијата поднесува извештај за текот и за постапката на полагањето на приемниот испит.
(2) Управниот одбор, на седница, го разгледува извештајот од став 1 на овој член и го усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниотодбор.
(3) Претседателот на Комисијата задолжително присуствува на седницата на Управниот одбор на која се разгледува извештајот од став 1 на овојчлен.

## XIV Начин на постапување со испитните документи и нивно чување

## Член 31

(1) Материјалите од испитот, обрасците за пополнување на одговорите од сите делови на приемниот испит, обрасците за оценување што ги пополнуваат членовите на Комисијата и сите други значајни испитни списи и материјали, предадени од кандидатот и изготвени од

Комисијата, ќе бидат приклучени кон персоналното досие на примените слушатели во почетната обука и со нив се постапува во согласност со Законот за заштита на личните податоци и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а по правосилноста на одлуките од членот 47 од Законот, целокупната документација се чува во досието на секој слушател согласно правилата за архивско работење.

(2) Исклучок од ставот 1 на овој член е доколку тестовите и материјалите бидат цел на судска постапка.

## XV Завршни одредби

### Член 32

(1) Овој Правилник се објавува на веб-страницата на Академијата.

(2) Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето на веб-страницата на Академијата.

(3) Со денот на влегувањето на сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за приемен испит (Службен весник на Република Македонија", број 77/2015, 195/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 115/2019, 193/2020).

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев" Скопје
Претседател на Управен одбор
Бодан Лазаревски